FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

PRESPA ПРЕСП ИНСТИТУТ INSTITUTE

# ДВОЈНАТА ЗЕЛЕНА РАМКА

**ЗЕЛЕН ДОГОВОР**
**Комуникација на Европската комисијата до Европскиот парламент, Советот, Европскиот економски и социјален комитет и до Комитетот на регионите**

**Брисел, 11 декември 2019 година**

**ЗЕЛЕНА АГЕНДА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН**
**Работен документ на Европската комисија Правила за имплементација на Зелената агенда за Западниот Балкан**

**Брисел, 06 декември 2020 година**

Европската Унија ги има некои од највисоките еколошки стандарди во светот. Притоа, за Унијата, поглавјето 27 претставува начин за сеопфатно регулирање на заштитата на животната средина и здравјето на луѓето од негативните ефекти на искористувањето на ресурсите. Уште позначајно од тоа, за Унијата, поглавјето 27 и особено политиката за климатски промени се можност да се искаже или да се преземе глобално лидерство.

Развојот на регулативата во подрачјето започна со Агендата 2030 на Обединетите нации и целите за одржлив развој, како и со Парискиот договор за климатска акција. Сепак, разбирајќи ја борбата за ублажување на негативните ефекти и реверзибилност на климатските промени како хоризонтално и прашање од исклучителна важност Унијата избра хоризонтален пристап. Притоа, главниот стратегиски документ на Европската Унија од ова подрачје е Зелениот договор, додека, за потребите на зелената трансформација на Западниот Балкан, Унијата ја усвои Зелената агенда за Западен Балкан.

## ЗЕЛЕНИОТ ДОГОВОР




Зелениот договор е стратегиската рамка на Европската Унија со која се утврдуваат чекорите за постигнување на климатска неутралност до 2050 година. Со Зелениот договор се обновува посветеноста на Комисијата за справување со предизвиците поврзани со климата и животната средина, гарантирајќи трансформација на ЕУ во фер и просперитетно општество, со модерна и конкурентна економија, која ефикасно ги користи ресурсите, каде што во 2050 година нема повеќе да има нето емисии на стакленички гасови, каде економскиот раст е одвоен од користењето на ресурсите, а никој нема да биде запоставен. Оттаму, главната цел на Зелениот договор е Европа да биде првиот климатски неутрален континент.

Со Зелениот договор, сите 27 држави-членки се обврзаа дека ќе ги намалат емисиите за најмалку 55% до 2030 година, во споредба со нивоата од 1990 година.

Имајќи ја предвид главната цел, секако, фактот дека поставената амбиција навлегува во повеќе области, произлегува дека Зелениот договор претставува план за целосна трансформација на Унијата.

Планот вклучува потенцијални тарифи за државите кои не го намалуваат загадувањето со стакленички гасови, преку Механизмот за прилагодување на граничните вредности на јаглеродот. Исто така, планот вклучува и:

1. **Акциониот план за циркуларна економија**, усвоен во март 2020 година, промовира процеси на кружна економија, поттикнувајќи одржлива потрошувачка и има за цел да се осигури дека отпадот е спречен, а искористените ресурси се чуваат во економијата на ЕУ што е можно подолго.

2. **Прегледот и можната ревизија на сите релевантни инструменти од политиката за климатска акција**, усвоен во јули 2021, предвидува предлози за измена на законодавството, воведување на нови инструменти и развивање на нови политики со кои ќе се постигнат главната цел, Европа да биде првиот климатски неутрален континент и да ги намали стакленичките гасови за најмалку 55% споредено со нивото од 1990.

3. **Новата Стратегија „Од фарма до трпеза“**, усвоена во мај 2020 година, го менува фокусот од усогласеност кон перформанси, усвоена во мај 2020 година, ја прави индустријата за храна фер, поздрава и повеќе фокусирана на еколошките стандарди. Со стратегијата се поставува целата индустрија за храна на принципи на одржлив развој, а се обезбедува регулаторна рамка и рамка за политика која ќе го обезбеди тоа.

4. **Ревизијата на Директивата за оданочување на енергијата**, предложена во јули 2021 година, предлага усогласување на оданочувањето на енергетските производи и електричната енергија со енергетските и климатските политики на ЕУ, како и зачувување на единствениот пазар на ЕУ преку ажурирање на опсегот и структурата на даночните стапки и рационализирање на употребата на опционални даночни ослободувања и намалувања.

5. **Стратегија за одржлива и паметна мобилност**, усвоена во декември 2020 година, се фокусира на три аспекти на мобилноста: одржливост, отпорност и паметна мобилност со кои ќе се одговори на утврдените цели за намалување на емисиите, дигитализација и подобрена ефикасност, односно отпорност на предизвици од типот на пандемијата со КОВИД-19.

6. **Стратегијата за шуми на ЕУ**, усвоена во јули 2021 година, поставува визија и конкретни активности за подобрување на квантитетот и квалитетот на шумите на ЕУ и зајакнување на нивната заштита, обновување и отпорност. Таа има за цел да ги прилагоди европските шуми на новите услови, временските екстреми и високата неизвесност предизвикана од климатските промени..

Финансирањето на имплементацијата на Зелениот договор ќе се врши преку:

- Инвестициски план за одржлива Европа (SE Investment Fund);
- Иновацискиот фонд на Системот за тргување со емисии (ETS Innovation Fund);
- Фондот за модернизација на Системот за тргување со емисии (ETS Modernisation Fund);
- Поврзана Европа, финансискиот инструмент (CEF);
- Европскиот механизам за правична транзиција (EJT Mechanism);
- Европскиот фонд за правична транзиција (EJT Fund);
- Европскиот фонд за регионален развој (ERDF);
- Европскиот социјален фонд плус (ESF Plus);
- Рамковната програма Хоризонт (Horizon);




Вкупно седумгодишната финансиска рамка 2021-2027 предвидува 1,61 билиони евра, од кои само Инвестицискиот план за одржлива Европа предвидува 1 билион евра за реализација на предвидените цели со Зелениот договор.

# ЗЕЛЕНАТА АГЕНДА




Зелената агенда за Западниот Балкан е стратегискиот документ кој го објаснува европскиот пристап кон двојната зелена и дигитална трансформација на Западниот Балкан, а за постигнувањето на општата цел на Зелениот договор. Зелената агенда се посветува на пет области:

1. Климатска акција (декарбонизација, енергија и мобилност)
2. Циркуларна економија (рециклирање, одржливо производство и ефикасна употреба на ресурсите )
3. Биодиверзитет (заштита на природното богатство во регионот )
4. Борба против загадувањето на воздухот, водата и почвата
5. Одржливи прехранбени системи и рурални области.

Дополнително, Зелената агенда за Западен Балкан се посветува и на 5 генерални приоритети во секоја од областите.

Кога станува збор за декарбонизација, енергија и мобилност, поставениот приоритет е државите од Западен Балкан да го усогласат своето законодавство со тоа на ЕУ, како и да преземат мерки за да постигнат климатска неутралност до 2050 година. Дополнително, се нагласува потребата од справување со енергетската сиромаштија, како и подобрување и воспоставување на еколошки транспортни начини со одржливи решенија за мобилност, вклучително и инфраструктура за алтернативни горива итн.




Циркуларната економија го разгледува целиот животен циклус на производите и се заложува за спречување на отпадот, модерно управување, рециклирање, реупотреба инт. Преку ваквите постапки Зелената агенда предвидува постигнување на одржливост на производството на суровини и интегрирање кон индустриски екосистеми.

Третата област говори за загадувањето и предвидува дека подобрувањето на состојбата во Западен Балкан е можно преку интегрирање на енергијата од обновливи извори, циркуларната економија, воведување на програми за повторна употреба, подигнување на руралната економија и сл.

Одржливиот систем на храна и рурални средини бара усогласување на земјоделско-прехранбениот сектор со тој на ЕУ, зајакнување на санитарните контроли, намалување на синтетички хемиски производи (пестициди, вештачки ѓубрива), како и соработка со научни тела за еколошки иновации и модернизација на физичките средства во земјоделско-прехранбениот сектор.

Конечно, во последната област станува збор за биодиверзитетот, а Зелената агенда предлага поставување на фокусот на обновата на шумските предели во регионот и интегрирање на повеќе алатки за управување и развој на крајбрежните региони.

„Овој брифинг документ е изработен во рамки на проектот „ЕУ опсерваторија – поглавје 27“ финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Содржината е единствена одговорност на авторите, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.“

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

PRESPA ПРЕСПА
ИНСТИТУТ INSTITUTE